**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: | 12.12.2016 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 6401 | 1 | |

**До: д-р Зоран Трајчевски, директор**
**на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14 и 142/16), се доставува

**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН ПРОГРАМСКИ НАДЗОР**

1. **Вид надзор:** редовен

2. **Субјект на надзорот:** радио програмскиот сервис на Јавното претпријатие МАКЕДОНСКА РАДИО – ТЕЛЕВИЗИЈА Скопје, Македонско радио – Втор програмски сервис (МРА 2)

3. **Период опфатен со надзорот:** 6 декември 2016 година

4. **Датум на извршување на надзорот:** 11 декември 2016 година

5. **Предмет на надзорот:**

   – **Член 64 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (употреба на јазикот во програмите на радиодифузерите);

   – **Член 90 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (радиодифузерите што вршат дејност на државно ниво се должни дневно да емитуваат најмалку 18 часа програма на радио);

***Забелешка:*** *Поради забраната на ЗАМП за емитување домашна музика, која е во сила во периодот што е опфатен со надзорот, не е направен надзор врз почитувањето на законските обврски* ***за емитување музика*** *(член 92 ставови 5 и 6 од Законот - јавниот радиодифузен сервис е обврзан на најмалку еден радио програмски сервис на македонски јазик и на радио програмскиот сервис на јазиците на етничките заедници кои не се мнозинство во Република Македонија, дневно да обезбеди најмалку 50% од емитуваната инструментална, вокална и/или вокално – инструментална музика изворно создадена во Република Македонија, да биде на македонски јазик или на јазикот на етничките заедници кои не се мнозинство, а половина од обврската да ја оствари во периодот од 7 до 19 часот) и* ***за емитување изворно создадена програма*** *(член 92 ставови 2 и 14 од Законот - јавниот радиодифузен сервис е обврзан дневно да емитува најмалку 60% изворно создадена програма во Република Македонија на македонски јазик или на јазиците на немнозинските заедници кои живеат во Р.М од која половина во периодот од 7 до 19 часот).*

**6. Претходно изречена мерка: /**

**7. Констатации од надзорот: /**

Со мониторингот на Вториот радио програмски сервис на Јавното претпријатие МАКЕДОНСКА РАДИО-ТЕЛЕВИЗИЈА Скопје, емитуван на 6 декември 2016 година, не се констатирани прекршувања на одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

**8. Опис на прекршувањето: /**

**9. Предлог мерка: /**

***Сектор за програмски работи***